Во текот на учебната 2019/20 година ќе се реализира задолжителна настав, изборна настава,факултативна настав, дополнителна и додатна настава, продолжителна настава, слободни часови во училиштето и практична настава. Во текот на летото учениците се должни да реализираат и феријална практика.

- задолжителна настава

Учебната 2019/20 година започнува со реализација на модуларни наставни планови и програми во прва година за образовните профили со четиригодишно траење. Учениците од втора трета и четврта година продолжуваат со настава по наставните планови и програми со тригодишно и четиригодишно траење по кои ја изучувале претходната година. Во прва година се воведува пилот образовен профил, технишар за производно машинство со четиригодишно траење кој ќе работи со програма за дуално образование. Теоретскиот дел од наставата ќе се реализира во училиште додека практичната настава ќе се реализира ко компаниите Маркарт и Брако.

По добиена согласност од МОН и Совет на Општина Велес, учениците од трети степен, образовен профил келнер/готвач ќе го продолжат своето образование во четврти степен, образовен профил хотелско-туристички техничар.

Наставата ќе се изведува во две смени. Првата смена започнува во 7:30 часот трае до 13:20 часот, а втората смена започнува во 13:30 часот и завршува во19:20 часот. Прва и трета година во една смена, а втора и четврта година во друга смена. Часовите траат по 45 минути. Сите предметни наставници однапред ќе добијат распоред за часови. Наставата ќе се реализира на македонски јазик

- Изборна настава

Изборната настава се организира согласно препораките на Центарот за стручно образование и обука. Врз основа на наставните планови се изготвува листата на изборни предмети од која учениците, според своите потреби, ги избираат двата предмета со кои се обврзани во реформираното образование за да го следат овој дел од наставата. Училиштето, согласно изјаснувањата на учениците, ги организира групите за реализација на изборните програми, запазувајќи го образовниот минимум при формирање на групите според стандардите за образование и според насоките на Центарот за стручно образование и обука.

Во учебната 2019/20 година ќе се изучуваат следните изборни предмети:

Паралелка	Образовен профил	Изборен предмет
3-1	Машински техничар	Автоматско управување и програмирање Технологија на обработка
	Техничар за компјутерско управување	Компјутерско управување Програмирање на компјутерски управувани машини
3-2	Машинско енергетски техничар	Хидропневматска техника Термотехника
	Автотехничар мехатроничар	Електроника Технологија на моторни возила
3-5	Техничар за транспорт и шпедиција	Технологија на патен транспорт Шпедиција и шпедициско работење Комбиниран транспорт, Математика
3-6	Електротехничар за компјутерска техника и автоматика	Дигитални системи, Практична настава Програмирање, Математика
3-7	Електротехничар за компјутерска техника и автоматика	Програмирање, Математика Дигитални системи, Практична настава
3-8	Електротехничар за електроника и телекомуникации	Дигитална електроника и микропроцесори Телекомуникациски склопови и уреди
	Електротехничар енергетичар	Електрични апарати и уреди Практична настава
4-1	Машински техничар	Возила и механизација Технологија на обработка
	Техничар за компјутерско управување	Компјутерско управување Програмирање на компјутерско управувани машини
4-2	Машинско енергетски техничар	Хидропневматска техника Термотехника
	Автотехничар мехатроничар	Електроника / Технологија на моторни возила
4-3	Техничар за транспорт и шпедиција	Комбиниран транспорт Шпедиција и шпедициско работење
4-4	Електротехничар за компјутерска техника и автоматика	Програмирање, Практична настава Дигитални системи, Математика
4-5	Електротехничар за електроника и телекомуникации	Дигитална електроника и микропроцесори Електронски склопови и уреди
	Електротехничар енергетичар	Електрични апарати и уреди, Практична настава
4 -6	Хотелско туристички техничар	Математика, Француски јазик

- Факултативна настава

Факултативната настава се организира за учениците од четврта година. Истата ќе се реализира согласно актуелните трендови во општеството односно преку предметот енергетска ефикасност на објекти и предметот опасност од струен удар. Факултативната настава во училиштето ќе се организира од области од машинска и електротехничка струка. Истите се во соработка со ЦСОО.

- Додатна настава

Додатната настава се организира за учениците кои сакаат проширување и продлабочување на своите знаења. Додатната настава е во функција на развивање на индивидуалните способности, потенцијали и постигања на учениците. Од учениците кои посетуваат додатна настава ќе се делегираат ученици за учество на натпревари. Додатната настава треба да се организира и реализира во насока на зголемување на интересот на учениците за учество во разни натпревари и воннаставни активности како на локално така и на државно ниво. За активностите од додатната настава се изработуваат посебни наставни планирања. Дополнително ќе биде изготвен распоред за одржување на додатната настава.

- Дополнителна настава

Дополнителната настава се организира согласно законот за оние ученици кои имаат потешкотии во совладувањето на наставната материја односно потреба за дополнителни консултации. Програмата за дополнителната настава се изготвува согласно утврдените потреби на учениците. Се реализира согласно распоредот за дополнителна настава.

- Продолжителна настава

Продолжителна настава ќе се организира за учениците упатени на поправен испит согласно Календарот за работа по завршувањето на наставната година.

-индивидуални програми за деца со посебни образовни потреби

Во почетокот на учебната година ќе се изврши детектирање на ученици со посебни образовни потреби. Ќе се изготвата индивидуални образовни планови за секој ученик според неговите потреби и по истите ќе се реализира наставата. Овие планирања ќе бидат составен дел на планирањата на наставниците. Во училиштето ќе се формира тим за инклузија кој ќе го следи напредокот на ученикот и реализацијата на наставните програми.

-индивидуални програми за надарени и талентирани ученици

За учениците кои кои покажуваат надареност или талентираност кон одредена програма ќе се изработат посебни бразовни планови за работа со цел да се задоволат нивните потреби и афинитети. Инклузивниот тим ќе детектира талентирани и надарени ученици и ќе го следи нивниот напредок

- Слободни часови

Слободните часови се однесуваат на сите струки и образовни профили и се реализираат според препораките на Центарот за стручно образование и обука на Р. Македонија. Во училиштето слободните часови се распоредени во следните подрачја и теми: Урбана култура (Животот и обичаите, Градот и граѓанинот, Религии и митологии) и Реална компанија.

- Феријална практика

Согласно законските одредби а во соработка со Центарот за стручно образование и обука во училиштето се реализира и програма за феријална практика која ги опфаќа учениците од сите години и се изведува за време на летниот одмор на учениците:

Машинска струка-прва година: Автомеханичар - 10 дена, заваруварувач - 10 дена

Електротехничка струка - трета година: сите образовни профили - 10 дена

Сообраќајна струка - втора и трета година: Техничар за транспорт и шпедиција - 10 дена

Угостителска струка - прва, втора и трета година - Хотелско-туристички техничар -10 дена;

прва и втора година – Келнер / Готвач - 20 дена

- Практична настава

Практичната настава се организира за учениците од прва до четврта година за сите образовни профили. Учениците дел од практичната настава реализираат во работилниците во училиштето а дел во стопанските субјекти со кои училиштето има склучено договор за соработка.

- Реална компанија „ЕМКО“

Реалната компанија „ЕМКО“ е основана со цел практично да ги едуцира учениците од електротехничката и машинската струка преку работење во реални услови. Во компанијата учениците од двете струки покрај практичните знаења, стекнуваат и дополнителни знаења од предметот „Бизнис“, што им овозможува по завршување на среднотостручно образование, самите да отпочнат и водат свој сопствен бизнис. Работењето во реалната компанија овозможува на пазарот на трудот да се исфрлат комплетно образовани кадри, кои покрај стручни знаења поседуваат и знаења од деловното работење.

Работата во реалната компанија се изведува по посебна програма која е верификувана и одобрена од Центарот за стручно образование и обука Скопје. Со реалната компанија дополнителни знаења стекнуваат ученици од втора, трета и четврта година на образование од машинската и електро-техничката струка.

- Употреба на ИКТ во наставата

ИКТ во наставата се применува со цел да се подигне квалитетот на наставата и квалитетот на стекнатото знаење. Во реализацијата на наставните содржини примената на ИКТ овозможува употреба на иновативни и креативни техники, методи и форми на наставна работа за реализирање на современ час. Примената на ИКТ е испланирана во сите годишни и тематски планирања за секој наставен предмет.

- Поврзување на еколошка програма со редовната настава

Еко стандардите или стандарди за одржлив развој, се водич за нашата образовна институција при создавање на полиса за подигање на еколошката свест на учениците, вработените и пошироко. Овие стандарди содржат јасно поставени цели кои носат и конкретни резултати. Со реализација на определените точки за акција од еко стандардите можеме да извршиме и конкретни промени во средината, а кои доведуваат и до финансиски заштеди. Воведени се теми со еколошки содржини како основа за поврзување на праксата со теоријата и приближување на еколошките содржини и еколошките проблеми до учениците. Во рамките на наставните програми и наставните содржини наставниците ги поврзаа еколошките теми - содржини со нивната наставна програма.

-следење и оценување на напредокот на учениците

Следењето и оценувањето на напредокот на учениците е континуиран процес во текот на целата наставна година. Преку него се следи напредокот на учениците и за истиот се информираат родителите. При оценувањето на учениците во предвид ќе се земаат обемот и квалитетот на усвоените знаења, активноста на ученикот за време на часот, работните навики на ученикот и примената на стекнатите знаења во пракса. Наставникот е должен најмалку два пати во текот на едно полугодие да формира оценка за ученикот и истата јавно да му ја соопшти. Проверка на стекнатите знаења на учениците ќе се врши усно и писмено(со контролни тестови, наставни ливчиња). Писмената проверка треба да биде претходно испланирана и истата да биде внесена во планот за писмени, графички и други работи во Дневникот на паралелката.

Стручната служба и директорот на училиштето ќе направат план за посета на часови за следење на начинот на оценување на учениците и ќе врши анализа на полугодишниот и годишниот извештај за успехот на учениците. По направената анализа ќе се дискутира за успехот на учениците и ќе се изнаоѓаат начини за негово подобрување.

Според Законот за средно образование училиштето ќе изготви Извештај од спроведената самоевалуација за претходната 2018/19 година и тековната 2019/20 година, ќе ги одреди јаките и слабите страни на училиштето и ќе работи на нивно подобрување

- Воннаставните активности

Воннаставните активности претставуваат мошне значајно подрачје во севкупната воспитно-образовна дејност.

-Училишен спорт

Училишниот спортски клуб „Коле Неделковски-УЗУС“ во текот на годината ќе организира општински, регионални, зонски натпревари а ќе земе учество и на државни првенства. Спортскиот клуб ќе земе учество со спортски активности и масовни спортски манифестации.

-Секции и слободни ученички активности

Преку слободните ученички активности се создаваат можности за индивидуализација на воспитно–образовниот процес, се задоволуваа и негуваат индивидуалните интереси и способности на учениците од областа на музичката култура, литературна и драмскат секција, новинарството, ликовната уметност и секциите по математика, физика, странски јазици, историја и екологија. Одговорните наставници ќе изготват програми и истите ќе ги достават во педагошката служба.

-ученички натпревари

Училиштето ќе земе активно учество на натпревари организирани од страна на акредитирани здруженија. Учениците кои покажуваат особен интерес по одредени области (математика, физика, англиски јазик, стручни предмети) ќе се истакнат со своето знаење подготвени од наставници-ментори. Истите ќе учествуваат најнапред на општинските натпревари, а потоа на регионални натпревари. Здружение на електро, машински и сообраќајни стручни училишта за учениците од трета година организира државни натпревари, при кои учество ќе земе

и нашето училиште со свои ученици и ментори. Во рамките на државниот натпревар „ЛИДЕР НА СТРУКА“ организиран од Центар за стручно образование и обука, активно учество земаат учениците од завршните паралелки од електро, машинска, сообраќајна и угостителска струка.

Активно учество ќе земеме на образовното рандеву МАСУМ во различни категории.

Учениците активно ќе се вклучат и ќе учествуваат и при распишаните конкурси од страна на општинските училишта , како и од Локалната библиотека „Гоце Делчев“ и од ОУД “Лазар Лазаревски” и други институции од Локалната заедница.

-општествено хуманитарна работа

Формирање на позитивен однос кон работата, позитивен однос кон општествените вредности, поттикнување на чувство на заедништво,меѓусебно помагање и помагање на луѓе на кои им е потребна помош училиштето ќе постигне преку организирање и вклучување во активности (чистење и хортикултурно уредување на училишен двор, чистење на простории во училиште, собирање отпад и хуманитарни акции).

-ученички екскурзии

Во текот на годината ќе се реализираат следните активности со цел успешна реализација на планираните екскурзии за учениците од прва, втора и трета година:

1.Изготвување на програми за ученичките екскурзии и одредување на одговорни наставници за реализација

2.Разгледување и усвојување на програмите од страна на Наставнички совет, Совет на родители и Училишен одбор

3.Доставување на програмите до БРО и добивање на согласност за нивна реализација

4.Спроведување на постапка за прибирање и разгледување на понуди и избор на најповолен понудувач

5.Реализација на програмите

Во текат на годината ќе се реализираат екскурзии поврзани со теми и содржини од наставните програми предвидени во програмите за работа на активите(по одделни предмети)

IX ВКЛУЧУВАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО ВО УЧИЛИШТЕТО

Вклученоста на родителите во работата на училиштето е од особена важност за реализација на предвидените активности и постигнување на добри резултати во процесот на учење. Во учебната 2019/20 година ќе се работи на зголемување на соработката помеѓу училиштето и родителите. Во работата на училиштето родителите ќе учествуваат со:

-вклученост на родителите во работата на паралелката (индивидуално)

-вклученост на родителите во Советот на родители

-вклученост на родителите во Училишен одбор

Родителите активно ќе бидат вклучени при донесување на одлуки кои се важни за работата на училиштето и реализирање на планираните активности. Родителите ќе даваат согласности за реализирање на ученички екскурзии, фотографирање и снимање на учениците и користење на личните податоци, ќе врши избор на понудувачи за осигурување, обезбедување, фотографирање и ученички екскурзии(преку вклученост во комисии), ќе дава предлози за подобрување на условите за работа во училиштето.

Училиштето редовно ќе ги информира родителите за напредокот и постигнувањата на учениците преку родителски средби и други форми на информирање. После секој класификационен период училиштето ќе организира родителски средби(најмалку четири) а по потреба ќе се организираат и во друг временски период.

Родителите ќе бидат повикувани и на индивидуални средби на кои ќе се разговара за успехот и поведението на учениците. За учениците кои покажуваат намален успех и имаат зголемен број на изостаноци училишниот психолог ќе организира групни советувања за родители.

Родителите ќе можат да се вклучат и со свои едукативни предавања од својата област како едукатори.

Сите активности во училиштето родителите ќе ги следат преку веб страната на училиштето. Педагошко-психолошката служба редовно ќе изготвува брошури за информирање и едукација на родителите.

X КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТ И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

-социјални партнери на училиштео



Метална индустрија „БРАКО“



„Маркарт“



Хотел „Романтик“

LEOV COMPANY

Компанија „ЛЕОВ“

ОУД ЛАЗАР ЛАЗАРЕВСКИ

ОУД „Лазар Лазаревски“



„Динамо-ХИТ“

EVN

„ЕВН Македонија“

Вклучувањето на бизнис заедницата во работата на училиштето е еден од главните елементи за постигнување на добри резултати. Соработката ќе се реализира преку следните активности:

-примање на ученици во компании за реализација на практична настава
-предавања пред учениците од искусни професионалци
-донации во училиштето на потребен алат и прибор
-вклученост на компании за промоција на училиштето

- Соработка со локална самоуправа и други установи

Покрај соработката со Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образование, Центарот за стручно образование и обука, исто така за поуспешна реализација на воспитно-образовните цели и задачи, училиштето ќе остварува соработка и со релевантните институции од локалната средина, пред се со Општина Велес, Единиците на Локална самоуправа, сите средни и основни училишта во Општината, ОУД „Лазар Лазаревски", Локална библиотека „Гоце Делчев", Народен музеј, Центар за јавно здравје, МВР Велес, Црвен крст, Центар за социјални работи, Агенција за вработување, Клубот на писатели, Невладин сектор (Друштво на родители за грижа за здраво поколение, културно-уметнички друштва, Сојуз на борци и т.н.).

- Медиуми

Сите активности и настани, училиштето ќе ги промовира во соработка со локални и државни медиуми. Со цел промоција на училиштето преку пишани и електронски медиуми, јавноста редовно ќе се информира за сите активности поврзани со реализација на програмата во учебната 2019/2020 година.

XI УЧЕСТВО ВО ПРОЕКТИ ВО ТЕКОВНАТА ГОДИНА

Во текот на учебната 2019/2020 година училиштето ќе продолжи со реализација на активности од веќе постоечките проекти, а ќе работи на вклучување во нови проекти преку проектни апликации.

1. Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем

Проектот за еколошка едукација во македонскиот образовен систем ќе се реализира со цел подигање на еколошката свест и одговорно однесување кон животната средина кај учениците и вработените во училиштето. Преку реализација на активности се очекува училиштето да ги применува еко стандардите или стандарди за одржлив развој и да се постигнат следните цели: намалување на потрошувачката на електрична и топлотна енергија за 15% во споредба со претходната година, намалување на потрошувачката на вода за 15% во споредба со претходната година, Здрава и чиста внатрешна средина за учење и работење, уреден и еколошки двор безбеден и пристапен за сите, намалување на отпад преку организирана селекција, одржлив транспорт преку користење алтернативни превозни средства и поставување инфраструктура

2. Меѓуетничка интеграција на младите во образованието

Целта на овој проект е да помогне во овозможувањето позитивни интеракции меѓу младите од различна етничка припадност на ниво на училиште и на заедница. Проектот е во соработка со УСАИД И Министерството за образование и наука на РС Македонија и со поддршка на локалната заедница. Училиштето ќе реализира активности предвидени во прилог програмата за меѓуетничка интеграција на младите во образованието финансирани од Министерство за образование и наука во висина од 30 000,00 денари(добиени со претходна апликација), средства на училиштето и со помош на локалната заедница. Дел од активностите се во соработка со партнер училиштето ОСТУ „Наце Буѓони“ од Куманово

3. Меѓународна соработка со Р. Полска

Проект за размена на искуства и практики во соработка со училиштето Станислава Сташица од Република Полска. Во месец мај ученици и наставници од нашето училиште ќе имаат можност да го посетат партнер училиштето во Р Полска а во истовреме нивни ученици и наставници да го посетат нашето училиште.

4. Дуално стручно образование

Проектот е во соработка со МОН, германската стопанска комора, компанијата Маркарт и Брако. Се воведува нов образовен профил техничар за производно машинство со четиригодишно траење како резултат на потребите на пазарот на труд.Теоретската настава е застапена со 60% , ќе се реализира во училиште а практичната настава со 40% и ќе се реализира во споменатите компании. Со практична настава се започнува во втора година и се очекува по завршувањето на образованието на учениците да им биде понудена работа од компаниите во кои се реализирала практичната настава.

Составен дел на Годишната програма се програмските прилози во кои се опфатени сите активности кои се планирани во учебната 2019/2020 година.

1. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА

2. ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ НА ССОУ „КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ“- ВЕЛЕС ЗА УЧЕБНАТА 2019/20 ГОДИНА

3. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА НАСТАВНИЧКИОТ СОВЕТ ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА

4. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА

5. ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ПЕДАГОГ ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020ГОДИНА

6. ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ПСИХОЛОГ ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА

7. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОПШТЕСТВЕНО ЈАЗИЧЕН АКТИВ ЗА УЧЕБНА 2019/20 ГОДИНА

8. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПРИРОДНО – МАТЕМАТИЧКИОТ АКТИВ ВО УЧЕБНАТА 2019/20 ГОДИНА

9. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА МАШИНСКИ АКТИВ ВО УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА

10. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИОТ АКТИВ ЗА УЧЕБНАТА 2019/20 ГОДИНА

11. ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА СОВЕТУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИ НА УЧЕНИЦИ ЗА УЧЕБНАТА 2019/20 ГОДИНА

12. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА КЛАСНИОТ РАКОВОДИТЕЛ ЗА УЧЕБНАТА 2019/20 ГОДИНА

13. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНАТА БИБЛИОТЕКА ВО УЧЕБНАТА 2019/20 ГОДИНА

14. ПРОГРАМА ЗА ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2019/20 ГОДИНА

15. ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ ЗА УЧЕБНАТА 2019/20 ГОДИНА

16. ПРОГРАМА ЗА ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ ЗА УЧЕБНАТА 2019/20 ГОДИНА

17. ПРОГРАМА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕБНАТА 2019/20 ГОДИНА

18. ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ ЗА УЧЕБНАТА 2019/20 ГОДИНА

19. ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЦЕНТАРОТ ЗА КАРИЕРА СО АКЦИСКИ ПЛАН ЗА 2019/20 ГОДИНА

20. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНАТА ЗАЕДНИЦА ЗА УЧЕБНАТА 2019/20 ГОДИНА

21. ПРОГРАМАТА ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ЗА УЧЕБНАТА 2019/20 ГОДИНА

22. ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2019/20 ГОДИНА

23. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ИНКЛУЗИВНИОТ ТИМ ЗА УЧЕБНАТА 2019/20 ГОДИНА

Во изготвување на Годишната програма и Програмските прилози учество земаа:

Координатор:
в.д. Директор Цветанка Ѓакова Панова

- Пандорче Јорданова – училишен педагог
- Соња Пашоска – училишен психолог
- Марјан Панов – претседател на Училишен одбор
- Снежана Софијанова – наставник по електро стручни предмети
- Сашо Ѓоргов – наставник по машински стручни предмети
- Мира Ташкова – наставник по математика
- Ѓорѓи Ѓорѓиев – – наставник по електро стручни предмети
- Горан Богоевски – претседател на општествено-јазичен актив
- Магдалена Иванова – претседател на природно-математички актив
- Митхат Мемиќ наставник по сообраќајни стручни предмети
- Ангелче Гушев наставник по спорт и спортски активности

Велес,
Август 2019 година



в.д. Директор
Цветанка Ѓакова Панова